Бр/Nr. 04-13636/2
Скопје/Shkup 12.12.2024 година/viti

Врз основа на член 30, 48, 49 и 50 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/2022 и 208/2024), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријава за унапредување, начинот на спроведувањена административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр. 11/15 и 35/18 и „Службен весник на РСМ" бр.303/20) и Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр.02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр.02-8770/1 од 13.08.2019 година и 02-11571/1 од 29.11.2019 година, број 02-12413/1 од 02.12.2020, број 02-1826/1 од 19.02.2021, број 02-5788/1 од 04.06.2021, број 02-2299/1 од 08.03.2022, број 02-7329/1 од 25.07.2022, број 02-2601/1 од 17.03.2023, број 02-7047/1 од 25.07.2023, број 02-7293/1 од 05.07.2024 година и број 02-8165/1 од 26.07.2024 година, Јавното претпријатие за државни патишта, објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1**
**За унапредување на 3 (тројца) административни службеници во Јавното претпријатие за државни патишта**

1. **Самостоен советник на директорот од областа на одржување, заштита на патишта и наплата на патарина**, со шифра КДР0102Б01019, 1 (еден) извршител со исполнување на следните услови:

**Посебни услови:**
- ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Градежништво и водостопанство, архитектура, урбанизам и планирање и организациски науки и управување (менаџмент)
- работно искуство и тоа: најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно место во приватен сектор

**Општи работни компетенции:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни
- раководење и
- финансиско управување


ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

**Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- положен испит за административно управување

2. **Самостоен советник на директорот од областа на инвестициите со средства од МФИ и ЕУ фондови,** со шифра КДР0102Б01019, 1 (еден) извршител со исполнување на следните услови:

**Посебни услови:**
- ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Инженерство и технологија/Градежништво, Машинско инженерство
- работно искуство и тоа: најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно место во приватен сектор

**Општи работни компетенции:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни
- раководење и
- финансиско управување

**Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- положен испит за административно управување

3. **Помошник раководител на сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови со шифра КДР0102Б03019, 1 (еден) извршител** со исполнување на следните услови:

**Посебни услови:**
- ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Инжерство и технологија/Градежништво, Машинско инженерство или друго инженерство и технологија/ Индустриско инженерство и менаџмент
- работно искуство и тоа: најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест

години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор

**Општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни
- раководење и
- финансиско управување

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- положен испит за административно управување

Покрај горенеаведените посебни услови, предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр.02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр.02-8770/1 од 13.08.2019 година и 02-11571/1 од 29.11.2019 година, број 02-12413/1 од 02.12.2020, број 02-1826/1 од 19.02.2021, број 02-5788/1 од 04.06.2021, број 02-2299/1 од 08.03.2022, број 02-7329/1 од 25.07.2022, број 02-2601/1 од 17.03.2023, број 02-7047/1 од 25.07.2023, број 02-7293/1 од 05.07.2024 година и број 02-8165/1 од 26.07.2024 година, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување на работници согласно Законот за работните односи.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Јавното претпријатие за државни патишта, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр.02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр.02-8770/1 од 13.08.2019 година и 02-11571/1 од 29.11.2019 година, број 02-12413/1 од 02.12.2020, број 02-1826/1 од 19.02.2021, број 02-5788/1 од 04.06.2021, број 02-2299/1 од 08.03.2022, број 02-7329/1 од 25.07.2022, број 02-2601/1 од 17.03.2023, број 02-

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

7047/1 од 25.07.2023, број 02-7293/1 од 05.07.2024 година и број 02-8165/1 од 26.07.2024 година, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Работното време за сите работни места е распоредено во една смена и трае 8 часа дневно.

Дневното работно време за сите работни места е од 8:00/8:30 часот до 16:00/16:30 часот.

Неделено работно време за сите работни места е: 40 (четириесет) часа.

Паричниот износ на основната плата за секое поединечно работно место изнесува:

- Самостоен советник на директорот од областа на одржување, заштита на патишта и наплата на патарина – 73.020,00 денари
- Самостоен советник на директорот од областа на инвестициите со средства од МФИ и ЕУ фондови – 73.020,00 денари
- Помошник раководител на сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови – 61.500,00 денари

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на web страната на Јавното претпријатие за државни патишта и web страна на Агенцијата за администрација.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку Архивата на Јавното претпријатие за државни патишта.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Јавно претпријатие за државни патишта

Вд Директор
Коце Трајановски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# ПРИЈАВА

За унапредување на административен службеник преку ИНТЕРЕН ОГЛАС

| Податоци за огласот | |
|---|---|
| Број на интерен оглас | |
| Назив на работно место за кое се пријавува кандидатот | |
| **Лични податоци за кандидатот** | |
| Име и презиме | |
| Работно место на кое е распореден | |
| Сектор/Одделение | |
| Контакт телефон | |
| **Податоци за исполнување на посебните услови** | |
| Степен на образование или стекнати кредити | |
| Вид на образование | |
| Образовна институција | |
| Насока | |
| Работно искуство | |
| Оцена добиена при последно оценување | |
| Дали Ви е изречена дисциплинска мерка една година пред објавувањето на интерниот оглас | |
| Звање на службеникот во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас | |
| Дополнително ги доставувам и следните докази | |

Под морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

Подносител на пријава

_______________________________